SPPMD
Advancing the Justice for Children

СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО ВО 2020 ГОДИНА

Издавач: Совет за превентива против малолетничка деликвенција
Кавадарци

Подготвиле: проф.д-р Гордана Лажетиќ
проф.д-р Лазар Нанев
д-р Невена Петровска

Превод од македонски јазик на албански јазик:
Александра Шкемби Антовска
Превод од македонски јазик на англиски јазик:
Цветанка Шемова

За издавачот: проф.д-р Лазар Нанев

Лектура : Петре Мркев

Печати: Европа 92 Кочани

Тираж: 100 примероци

Содржината на оваа публикација Годишен извештај за работа на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапнишво во 2020 година е единствена одговорност на СППМД - Кавадарци и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО ВО 2020 ГОДИНА

**Скопје, 2021**

# *СОДРЖИНА*

1. Резиме ……………………………………………………………………...........7

2. Вовед ……………………………………………………………………...........10

3. Статут, раководство, надлежности и организациона структура …………...........11

4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности, план за работа и стратешки план …………………………………………………………….... 13

5. Активности за подобрување на квалитетот во работење ……………………......19

6. Соработка со други институции и меѓународна соработка ……………………......21

7. Буџет, завршна сметка и финансирање ……………………………………......22

8. Заклучоци …………………………………………………………………......23

9. Препораки……………………………………………………………………...24

10.Прилози …………………………………………………………………….....27

11.Прилог 1: Обработени податоци од собраните индикатори...................................29

12.Прилог 2: Табели за собирање на податоци по 32 индикатори од институциите (центри за социјална работа, полиција, јавни обвинителства, судови) .......................61

# СПИСОК НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ДС | Државен совет за превенција на детско престапништво |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| ЗПД | Закон за правда за децата |
| ЈО | Јавен обвинител |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МП | Министерство за правда |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НВО | Невладина организација |
| НП | Народен правобранител |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОС | Основен суд |
| ПС | Полициска станица |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| УНИЦ | Канцеларија на УНИЦЕФ |
| УИС | Управа за извршување на санкции |
| ЦСР | Центар за социјална работа |

# 1. РЕЗИМЕ

Годишниот извештај на ДС дава преглед на состојбата со правата на децата и детското престапништво на Република Северна Македонија во 2020 година, постигнатиот напредок во однос на препораките од претходниот извештај, клучните предизвици и насоки за нивно надминување. Во извештајот се содржани податоци за остварување на правата на децата, нивната заштита и реализираните превентивни мерки од страна на институциите.

Извештајот, исто така, дава осврт на работата на ДС во текот на извештајната година и предлага решенија кои ќе ја подобрат неговата работа.

Во тековната година, ДС ги следеше и документираше состојбите врз основа на 32 стандардни индикатори, развиени според меѓународни стандарди, земајќи ги предвид националните приоритети и специфичности.

Врз основа на добиените и анализирани податоци доставени од 78 институции согласно индикаторите, во 2020 година може да се изведат следниве заклучоци:

- процентот на **деца во ризик** бележи тренд намалување за 9% во однос на 2019, односно тренд на зголемување за 10% во однос на 2018 година;
- се бележи намалување за 36% на бројот на **деца повикани во полициска станица** на популација од 100.000 деца споредено со 2019 година;
- процент на **женски деца кои биле повикани во полициска станица** бил највисок во својство на оштетени (38%), а најнизок во својство на пријавени (11%), при што се бележи намалување на бројот на пријавени женски деца во споредба со 2019 година за 3 процентни поени;
- во 2020 година судовите идентификувале најголем број **деца жртви**, приближен е соодносот помеѓу идентификуваните деца жртви од страна на МВР и на јавното обвинителство, а драстично е намален бројот на регистрирани жртви во ЦСР;
- разговорот со повиканите деца во полициска станица во кои има посебно **опремени простории за разговор со деца** (вкупно 8 простории на територија на државата), не секогаш се обавува во тие простории, па во 2020 година тие биле искористени за разговор со 4% од повиканите деца, што е за три процентни поени пониско споредено со 2019 година;
- правото на **бранител во полиција** го оствариле 58% од децата во 2020 година, што е зголемување за 6 процентни поени во однос на 2019 година;
- во однос на примената на **мерки на помош и заштита** процентот на децата во ризик кон кои биле применети мерки за помош и заштита во 2020 е за 39 процентни поени понизок во однос на 2019 кога изнесуваше 81% и за 11 процентни поени понизок од 2018 кога изнесуваше 53%;

- постои тренд на намалување на примена на **постапка за посредување во ЦСР** од 34 случаи во 2019 на 8 случаи во 2020 година, при што процентот на успешност е висок и кореспондира со тој во претходните години;
- ДС констатира дека во најголем број случаи се применуваат мерки/санкции **кои не вклучуваат лишување од слобода** на децата што кореспондира со Законот за правда за деца;
- останува ниска бројката на деца спрема кои е определена **мерката притвор,** а имено во 2020 била определена само спрема 4 деца, што изнесува на 0,98 на 100.000 деца;
- се бележии намалување на процентот на изречени **дисциплински мерки** од 27% во 2019 на 22% во 2020 година;
- во 2020 година, се бележат 10 случаи на изречена дисциплинска мерка - **Упатување во Центар за деца**;
- мерките на **засилен надзор** бележат намалување, а имено во 2020 биле изречени спрема 58% од децата за кои јавниот обвинител поднел предлог за примена на санкција, додека во 2019 овој процент изнесувал 71%;
- се забележува зголемување на изречените **заводски воспитни мерки**, а имено во 2020 тие биле изречени спрема 16 деца, за разлика од 2019 година кога биле изречени спрема 4 деца;
- изрекувањето на **казна затвор за деца** е во многу мал процент, а имено во 2020 година оваа казна била изречена само спрема едно дете, а во 2019 година спрема три деца;
- во 2020 година исто како и во 2019 немало случај на донесено или отповикано решение за **условен отпуст** дете;
- во однос на **помош од ЦСР на деца по излегување од установа**, во 2020 на 13 деца им била запрена од извршување заводската мерка или казна;
- останува низок бројот на случаи каде што била изречената **алтернативна мерка** – Условна осуда со заштитен надзор и Условното прекинување на постапката, а Општокорисната работа воопшто не била изречена;
- во 2020 исто како и во 2019 година не била изречена ниту една **мерка на безбедност** спрема дете;
- во контекст на заклучоците содржани во извештаите во претходните години, и во 2020 година мора да се констатира недоволна примена на **формите на ресторативна правда што ги нуди Законот за правда за децата;**
- **постапката за мерки на одвраќање,** а имено таа во 2019 година била применета спрема 52 деца, во 2018 спрема 83 деца, а во 2020 само спрема 23 деца и тоа во ОЈО Скопје и ОЈО Струга;
- **медијацијата** воопшто не била применета од страна на судовите, додека обвинителствата продолжуваат со примена и во 2020 година вкупно 11 деца упатиле на медијација, што е идентичен број со децата упатени на медијација во 2019 година, со таа разлика што успехот кај медијацјата во 2020 година е 100%;
- се зголемил процентот на **предлози од ОЈО до судот за изрекување санкција** од 43% во 2019 на 56% во 2020 година;

- во 2019 имаше еден случај на примена на постапката за **признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната**, но во 2020 ниту еден случај за примена на оваа постапка;
- во 2020 година се намалил бројот на деца што сториле **прекршок** и тоа за 35% во однос на 2019 годиина, но загрижува што продолжува зголемен тренд на прекршоции сторени од деца на возраст под 16 години - од 25% во 2019 на 30% во 2020 година;
- примената на постапките за **посредување при сторен прекршок** била применета спрема 8% од децата што сториле прекршок;
- во 2020 година судовите не донеле ниту едно решение за **обештетување на деца жртви**.

Од октомври 2020 година штитениците се пренесени од Затвор Охрид во новиот објект на ВПД – Тетово во Волковија. И покрај неспорниот факт дека условите во Волковија се далеку подобри одошто во Затвор Охрид, сепак ДС останува на ставот дека објектот во Волковија треба да се гледа како преодно решение до пронаоѓање на соодветна локација каде што ќе биде сместен ВПД-от, а која според условите и критериумите ќе одговара на нормативите и стандардите во однос на организациската поставеност, просторот, опремата и кадровското екипирање на ВПД.

Клучниот предизвик идентификуван во изминатата година, како и неколку години претходно, е неисполнувањето на законската обврска за формирање општински совети за превенција на детско престапништво во голем дел од општините во РСМ и покрај законската обврска и казнената одредба што се пропиша во ЗПД. Во некои општини воопшто не се формирани општински совети, во дел се формирани а не се активни, а во многу мал дел од општините формираните општински совети се активни.

Главниот проблем е во отсуство на финансиски средства за остварување на нивните активности во буџетите на локалната самоуправа.

Сериозен предизвик беше работењето на ДС во текот на 2020 година со оглед на пандемијата, па до март 2020 година седниците се одвиваа со физичко присуство, потоа се спроведуваа како електронски седници, а веќе од четвртиот квартал 2020 седниците започнаа да се одржуваат преку платформата ZOOM на Министерството за правда. Поради ваквата состојба не се почувствува проблемот поради недоделена просторија за работа на ДС која ќе биде соодветно ентериерно и технички опремена со цел да овозможи непречено работење на ДС.

## *2. ВОВЕД*

ДС е самостоен и независен орган во вршење на работите кои му се определени со ЗПД.

Надлежностите на ДС утврдени со законот, членовите ги спроведуваат одговорно и посветено, следејќи ги вредностите и принципите вградени во визијата и мисијата на ова тело како главни постулати на кои се заснова неговото работење.

### МИСИЈА:

Иницирање, подобрување и спроведување на законска регулатива за заштита на децата, мониторинг и евалуација на ЗПД преку следење на состојбата со детското престапништво и работата на специјализираните институции за деца. Поддршка во донесување на законски и подзаконски акти, развивање на ресурси и услови за спроведување на постапките предвидени со законот, а кои имаат заштитен и воспитен карактер и ги следат принципите на ресторативната правда.

### ВИЗИЈА:

Градење на демократско општество насочено кон остварување на правата и благосостојбата на сите деца, за заштита и соодветен третман на децата во ризик и децата жртви и сведоци на насилство и кривични дела. Секое дете има право на правилен раст и развој во безбедна и стимулативна средина и можност за адекватен третман за заштита и остварување на неговите потенцијали, желби и надежи, а особено за децата во ризик.

Во текот на цела 2020 година ДС не работеше во полн состав, туку само со 13 членови, со оглед на фактот што на два надворешни членови им истече мандатот во декември 2019 година, а во 2020 година не беше извршен избор на нови надворешни членови од страна на Собранието на РСМ.

На седниците на ДС свое учество имаа претставници од Канцеларијата на Народниот правобранител и УНИЦЕФ. Членовите во ДС се професионалци со долгогодишно искуство кои работат директно со деца или за и во интерес на унапредување на правата на децата, вработени се во државни и јавни установи и членови на здруженија на граѓани. Нивниот ангажман во ДС е задолжителен, тоа е нивна дополнителна активност, со динамика која зависи од Програмата за работа на ДС, условите за работа и ангажманите кои им се делегираат од страна на ДС.

Административно - техничките и финансиските работи согласно ЗПД ги обезбедува Министерството за правда.

## *3. СТАТУТ, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА*

### *3.1. Начин на избор на раководните лица, членови, мандат и статус;*

Државниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија со мандат од пет години, со право на повторен избор од кои:

- седум члена на Државниот совет се претставници од: Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија и Адвокатската комора на Република Северна Македонија и
- осум члена на Државниот совет се избираат по пат на јавен оглас, од редот на истакнати научни и стручни работници кои работат на заштита на интересите на децата, од кои еден претставник е од редот на невладините организации за заштита на децата.

### *3.2. Законска рамка која ги регулира надлежностите на институцијата;*

Надлежностите на Државниот совет се уредени во членот 156 од Законот за правда за децата:

- донесува Национална стратегија за превенција на детското престапништво,
- донесува годишни програми и планови за остварување на програмата,
- донесува Деловник за својата работа,
- предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Министерството за правда потребни за неговата работа,
- дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од значење за заштита на правата на децата и спречување на детското престапништво,
- поведува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со правата на децата и расправи за здраво семејство, за заштита на децата од наркоманија, алкохолизам и други болести на зависност, за проблемите на образованието и воспитувањето, за односот на средствата за јавно информирање и за другите фактори што влијаат врз спречувањето на детското престапништво,
- иницира истражувања и студии за проблемите на детското престапништво,

- соработува со меѓународни организации и тела, ангажирани во заштитата на правата на детето и спречувањето на детското престапништво,
- подготвува годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво, кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, Судскиот совет и Врховниот суд на Република Северна Македонија, кои се должни да ги разгледаат и да преземат соодветни мерки и активности, согласно со своите надлежности и
- дава мислење на програмата од членот 151 став (2) од Законот за правда за децата.

*3.3.* ***Внатрешна организација (организациона поставеност), кадровска состојба, структура на вработените според категории на административни службеници, степен на образование, пол, возраст и правична застапеност.[1]***

Државниот совет нема статус на правно лице.

[1] Не е задолжително за оние органи/институции/организации кои немаат вакква структура поради тоа што немаат статус на правно лице согласно законот како што е тоа случајот со Државниот совет за превенција на детско престапништво.

## *4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТИ И СТРАТЕШКИ ПЛАН*

Согласно Програмата за работа на ДС во 2020 година реализирани се следните активности:

### 4.1. Изработка на Годишен извештај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2020 година

- Собирање на податоци согласно индикаторите за следење на примената на Законот за правда за децата и изготвување на Годишен извештај за 2020 година;
- Доставување табели за обезбедување податоци согласно утврдените индикатори до: 8 - Сектори за внатрешни работи, 30 - Центри за социјална работа, јавни обвинителства и судови во Република Северна Македонија;
- Собирање на обезбедените податоци, проверка на истите и нивна обработка;
- Ангажирање на стручно лице за квантитативна обработка на податоците;
- Наративниот дел од ГИ се работеше на споени седници во Клубот на пратеници по добиено одобрение од страна на Министерот за правда на 11 и 25 февруари 2020 година
- Доставен и изготвен предлог буџетот на ДС до МП
- Доставен на разгледување заради предлагање мерки до надлежни институции согласно ЗПД.
- Годишниот извештај беше презентиран и позитивно оценет на Комисијата за политички прашања во Собранието на РСМ и од страна на Собранието на РСМ.

### 4.2. Потпишување Меморандум за соработка со ЗЕЛС и Сојузот на ротари клубови во Македонија

По преземени активности за финализирање и усогласување на заедничките планирани активности, во јуни беше потпишан Меморандумот со Сојузот на ротари клубови и ЗЕЛС, во просториите на Градоначалникот на Градот Скопје.

### 4.3. Потпишување Меморандум за соработка со Академијата за судии и јавни обвинители и Комората на медијатори на РСМ

По преземени активности за финализирање и усогласување на заедничките планирани активности, во јуни беше потпишан Меморандумот со Академијата за судии и јавни обвинители и Комората на медијатори на РСМ, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители.

**4.4. Преземање активности и иницијативи за формирање на Општински совети за превенција на детско престапништво и поддршка на веќе формираните совети:**

Државниот совет и во текот на 2020 година продолжи со реализација на оваа активност. Уште во јануари 2020 година беше испратен допис преку ЗЕЛС до сите општини со цел да достават извештај за активностите за 2019 година и програма за работа за 2020 година.

Изготвени беше пакет материјал – документи во форма на урнек за локалните совети, објавени на веб сајтот на ДС.

ДС констатира дека во голем дел од општините продолжува неспроведување на законската обврска што е содржана во ЗПД во однос на формирање и функционалност на локалните совети.

Со цел интензивирање на соработката со ЗЕЛС заради успешно исполнување на законските обврски на градоначалниците кои произлегуваат од ЗПД, се пристапи и кон потпишување посебен меморандум со ЗЕЛС и Сојузот на ротари клубовите во Македонија со цел учество на средби и настани за подигнување на свеста кај градоначалниците за обврските што ги имаат согласно закон.

**4.5. Спроведување на Националната стратегија за превенција на детско претстапништво 2010-2020 преку Оперативниот план 2020 година**

Реализирање и следење на активностите кои произлегуваат од изготвениот и усвоен Оперативен План за спроведување на Националната стратегија за превенција на детско престапништво за 2020 година;

Дополнување на Оперативниот план за тековната 2020 година.

**4.6. Изготвување нова стратегија**

Во оваа извештајна година започнаа активностите околу подготовката за изготвување на нова Стратегија за превенција на детско престапништво за следен петгодишен период (2021-2025) со поддршка на УНИЦЕФ.

Согласно програмата за работа на Државниот совет за изработката на новата Стратегија за превенција на детско престапништво, се направи план со активности и динамика со која ќе се обработуваат одделни области од страна на членовите на советот кои ќе треба да бидат составен дел од оваа стратегија. Подготовката на новата Стратегија за детско престапништво за периодот 2021-2026 и трите стратешки цели кои треба да бидат опфатени во неа: примарна, секундарна и терцијална превенција на детско престапништво.

Беше нагласена потребата од мултисекторски пристап во превенирањето на детското престапништво и вклучувањето на граѓанските организации во делот на областите, и осврт врз јавното обвинителство и судот во делот на секундарната и терцијална превенција. На седницата се дефинираа стратешките области, цели и насоки како скелет на новата Стратегија за превенција на детско престапништво.

УНИЦЕФ изрази подготвеност да го поддржи целиот процес со ангажирање домашни и странски консултанти.

Изработката на Стратегијата е дел од Проектот на УНИЦЕФ, Just(ice) Children - EU for Juvenile and Child-Friendly Justice. Со оглед на состојбата со пандемијата од објективни причини имплементација на проектот не започна во ноември 2020 година, па се очекува финализирање на документот во текот на 2021 година.

### 4.7. Превод на Декларација за научените лекции и предизвиците со кои се соочи правосудството во време и по пандемијата на КОВИД- 19

Членовите на ДС пристапија кон преведување на наведениот документ со оглед на фактот што во еден дел тој се однесува на постапување во случаи кога се засегнати деца (било како сторители или како жртви).

По известување на секретаријатот на CEPEJ, македонскиот превод на Декларацијата беше официјално прикачен на веб страницата на CEPEJ (https://rm.coe.int/declaration-macedonien/1680a051da)

### 4.8. Програма за обештетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство

ДС согласно своите надлежности ја разгледа Програмата и даде согласност за нејзино донесување од страна на Министерот за правда.

### 4.9. Вклученост во Проектот на УНИЦЕФ, Just(ice) Children - EU for Juvenile and Child-Friendly Justice

На покана од Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, Државниот совет номинира член на Управниот одбор на Проектот Just(ice) Children - EU for Juvenile and Child-Friendly Justice, финансиран од страна на Европската унија.

### 4.10. Тематски расправи/дискусии

- Дискусија по повод случајот „Јавна соба“ и сајбер насилство врз децата во контекст на новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство;
- Расправа за медијацијата, медијаторството и нејзино активно вклучување и користење од страна на институциите кои работат со деца ;
- Расправа за зголемениот ризик од семејно насилство во периодот на прогласена вонредна состојба поради вирусот корона и заштитата на децата по изготвено соопштение на Министерството за труд и социјална политика за зголемен број на случаи на семејно насилство. Соопштението од МТСП и контактите за пријавување на случаите објавени се на веб страната на Државниот совет;
- Расправа по однос на податоците за примена на Законот за бесплатна правна помош од кои ДС констатира дека во повеќе градови била

пружена примарна и секундарна правна помош во случаи како што се: заштита на деца; развод со доделување на дете; семејно насилство и родово базирано насилство;

- Учество во истражување во врска со спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето, спроведено од Коалицијата на младински организации СЕГА. Истражувањето ќе резултира со Алтернативен извештај кој ќе се достави до Комитетот за детските права при ООН;
- Дискусија по однос на пресуда од ОС Битола во однос на досудено обештетување на дете како добра практика за примена на Законот за правда за децата во однос на децата жртви;
- Дискусија околу почеток на учебната година во услови на КОВИД -19 и потребата да се поддржат мерките и политиките на Комисијата за заразни болести, бидејќи тие ја следат состојбата на терен и имаат најдобри сознанија кое училиште ги исполнува условите за двата модели на настава – со физичко присуство или online;
- Дискусија за децата во ризик-деца на улица кои во главниот град се се по присутни на улиците како резултат на моменталната состојба со вирусот
- Расправа со претставници на БЈБ при МВР во однос на активностите на ДС и поддршка во остварување на целите насочени кон превенција на детското престапништво;

### 4.11. Воспоставување и ширење на меѓународна соработка и зајакнување на капацитетите на членовите на ДС

- Воспоставување на меѓународна соработка со тела/организации кои се слични на ДС по своите надлежности во другите земји, а со цел размена на информации и позитивни искуства во делот на спроведување на заштита на правата на децата и превенција на детското престапништво;
- Изготвување предлози, барања и дописи за воспоставување на соработка со тела и организации кои работат на полето на заштита на правата и интересите на децата и превенција на детско престапништво;

### 4.12. Учество на обуки, работилници, семинари, конференции, дебати, тркалезни маси во и надвор од државата

Член на ДС на 12.06. 2020 година, по повод денот за заштита на децата од економска експолоатација била гостин во утринската емисија на МТВ каде како вработена во ЈУМЦСР – Битола и како член на Државниот совет давала изјава за состојбите со децата и нивната заштита.

Член на ДС оствари активно учество во кампањата СТОП ЗА ПЕТАРДИТЕ кои активности се на општинскиот совет за превенција во Кавадарци. Членот на ДС бил вклучен во организирана превентивна кампања против употребата на петардите во Кавадарци во која се вклучиле и влијателни личности од јавниот живот и собранието на РСМ и општинскиот совет за превенција од детско престапништво како и претставници од бизнис

секторот и други. Заедничкиот апел на учесниците бил упатен до помладите генерации да не се употребуваат петарди и пиротехнички средства за време на новогодишните и божиќните празници.

### 4.13. Постапување по доставени извештаи од надлежни институции

Во месец јуни на барање на ДС до УИС и Директорот на ВПД Тетово ни беше доставена информација за објектот во с. Волковија. Поделени беа ставовите околу прашањето дали е подобро прво да се решат основните проблеми и да се отстранат суштинските недостатоци (соодветен воспитен кадар, задолжително вклучување на образовен процес, задолжителни здравствени услуги) со што би се обезбедило функционирање на установата, па потоа да се пристапи кон сместување на децата или прво да се префрлат децата кои издржуваат заводска мерка заради подобрите услови како за нив така и за вработените, а сите незавршени работи да се реализираат континуирано и со приоритет на барањата. Претставникот на Народниот правобранител посебно обрна внимание на мислењето што го имаат доставено до Владата на РСМ, директорот на УИС и Министерство за правда во кое се произнеле по однос на пуштањето на новиот објект, со пооделни забелешки а притоа јасно изразувајќи го ставот дека има сериозни забелешки што треба претходно да се решат т.е. да се обезбедат за да може да се зборува за префрлање на децата во новиот објект.

Поддршка на проектот на Македонското пенолошко друштво со доставување податоци од годишните извештаи на ДС, со цел придонес во анализата на Факторите на ризик за детско престапнштво во РСМ.

### 4.14. Следење на меѓународни документи од областа на превенција на детско престапништво и зајакнување на капацитетите на ДС

Во текот на извештајната година ДС ги разгледа и дискутираше за следниве документи:

- Декларацијата на Советот на Европа за децата донесена на 10.03.2020 година;
- Извештај на ЕВРОПОЛ за зглемен број на педофилија во услови на корона вирус;
- 9–ти Генерален извештај на Групата на експерти за борба против трговијата со луѓе (ГРЕТА) за 2019 година;
- Пресудата ЛР против РСМ од јануари 2020 година;
- Активностите на Советот на Европа со цел следење на најновите објави, анализи, извештаи за влијанието, на КОВИД 19 врз правата на децата;
- „Препорака на Советот на Европа од 2018 година за ресторативната правда“;
- Декларација на CEPEJ за предизвиците на правосудството во услови на КОВИД 19“;

### 4.15. Поведување законодавни иницијативи

Согласно законските овластувања ДС може да поведува иницијативи за соработка со институции, предлози за дополнувања или измени во постоечката законска регулатива со цел усогласување, предлози за подобрување на услови и третман на децата во ризик, деца жртви и деца во судир со законот и други видови на злоупотреба и занемарување, реакции по однос на констатирани кршења на правата на децата; иницијативи за воспоставување соработка со институции и тела кои работат со деца, посета на институциите во кои се сместени деца, констатирање на кршење на правата на децата и реакции во врска со констатираните прекршувања; како и давање предлози и иницијативи до релевантните органи - тела во Република Северна Македонија за подобрување и надминување на констатираните состојби при посетите на институциите од страна на членови на ДС.

Во рамките на оваа активност, во тековната година ДС ги презеде следниве активности:

- Активно учество на претставници од ДС во работната група за измена и дополнување на Законот за правда за децата;
- Усвојување на предлог одредби за Постапката за медијација во Законот за правда за децата;
- Предлог до МТСП за измени на Законот за социјална заштита што ги предлага ДС со цел поддршка на семејствата да ги посетат децата што се сместени во установи;
- Придонес на работната група што работи на Законот за надомест на жртви на насилство со цел да се прецизира процедурата за надомест со ангажирање на стручни лица за да се изнајде најдобро решение и импликациите што овој закон би ги имал врз работата на Државниот совет;
- Воспоставена соработка со Првата детска амбасада Меѓаши по повод нивната иницијатива да се пристапи кон анализа на законодавството со цел заштита на децата од злоупотреба во текот на изборна кампања. За оваа цел ДС формираше работна група за методологијата и начинот на реализирање на оваа активност;
- Работната група од ДС донесе заклучок дека во комисијата треба да се вклучат претставници од МТСП, МОН, МП, Здружението на млади правници, Меѓаши и Унија на средношколци, јавното обвинителство и судовите, за што од сите наведени институции на барање од ДС се номинирани претставници за изработка на предлог одредбите;

### 4.16. Публикација и печатење на материјали

Во тековната година беше изготвен Годишниот извештај за работата на ДС со индикаторите за 2019 година.

Годишниот извештај, во духот на повеќегодишната практика, е објавен на веб страницата на ДС.

## 5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО

### 5.1. Изработка на стратешки планови

Со оглед дека детското престапништво опфаќа различни престапи на правните и општествените норми, ДС изработи Национална стратегија за превенција на детско престапништво во 2010 година со важност до 2020 година, со цел утврдување на стратешките насоки и приоритети за спречување на детското престапништво.

Ова е прва ваква стратегија во Република Северна Македонија и се заснова на основните принципи кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на детето, правото на недискриминација и еднаквост, најдобриот интерес на детето, правото на живот, опстанок и развој, правото на слободно изразување и мислење.

Стратегијата претставува насока, ориентација која ја постави базата за подготовка на оперативни планови во сите релевантни сектори кои треба да се спроведат, а ДС и во иднина ќе го надгледува и мониторира процесот на имплементирање на активностите во согласност со Стратегијата.

### 5.2. Унапредување на оперативни стандарди (процедури, и правилници, деловник)

ДС има изготвен Оперативен план за спроведување на Националната стратегија за превенција на детско престапништво и дополнување на Оперативниот план за тековната 2020 година. Во нив се предвидени конкретни активности за секој сектор, со утврдена динамика и рок за реализација. Притоа целта на ДС е активностите да се во согласност со Националната стратегија, истите да овозможат реализација на стратешките цели, да кореспондираат меѓу надлежните институции, органи и министерства и да имаат превентивен и заштитен карактер.

Согласно Оперативниот план за тековната 2020 година ДС ги следеше активностите на примарната, секундарната и терцијалната превенција.

Во делот на ***примарната превенција*** ДС продолжи да го следи процесот на развивање на програмите за вклучување на децата во предучилишните институции, следење на состојбата со трипартитните совети во училиштата, изготвување анализа дали училиштата имаат изготвено превентивни содржини и како ги реализираат предвидените активности, упатување дописи до Министерството за здравство во однос на превентивните здравствени програми (служба на матични доктори – педијатри, рана детекција на проблеми и рано интервенирање и советувалишта и центри за деца што користат дроги и други психотропни супстанции), воспоставување контакт со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со цел ~~на~~ нивно вклучување во програмите кои вклучуваат превенција од детско престапништво, како и зајакнување на соработката со Адвокатската комора на РСМ.

Во делот на ***секундарната превенција*** се следеа активностите за развивање на програми во училиштата со цел идентификација на децата во ризик и обезбедување на соодветно советување на децата. На ова ниво, ДС го поттикнуваше процесот на формирање на Општинските совети за превенција на детско престапништво, како и зајакнување на капацитетите на полициските службеници во постапување со децата во ризик и децата во судир со законот.

Во делот на ***терцијалната превенција*** активностите беа насочени кон следење на процесот за трансформирање на јавните установи за згрижување на деца, следење на институционалната грижа за децата по излегување од установата и нивната реинтеграција во заедницата, заштитата на жртвите, анализа за примената на алтернативните мерки и медијацијата, како и воспоставувањето контакт со Управата за извршување санкции и одговорните лица од ВПД Тетово.

### 5.3. Инсталирање и/или надградба на ИТ капацитетите

Во тековната година не се спроведени активности во однос на оваа точка. Имено, со оглед на состојбата со Пандемијата на КОВИД 19, ДС ги користеше ИТ капацитетите на Министерство за правда за одржување на седниците преку електронска платформа.

### 5.4. Препораки од Државниот ревизор и мерки за нивна реализација

Во извештајната година ДЗР не изврши ревизија.

### 5.5. Мерки и активности за зголемување на транспарентноста

ДС настојува во своето работење да има најголема можна транспарентност, се труди активно да учествува секаде каде што може да придонесе за заштита на правата на децата, дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони кои се насочени кон заштита на децата, иницира истражувања и студии за проблемите на детското претстапништво, покренува иницијативи за пошироко запознавање на јавноста со проблемот на детското престапништво.

Во текот на 2020 година веб страницата на ДС е активна и редовно се ажурира со што се придонесува за поголема транспарентност во работата на ДС како начин за поголема достапност до пошироката јавност.

## 6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ДС во рамки на своите надлежности кои произлегуваат од Законот за правда за децата, како во претходните така и во 2020 година, работеше на проширување и интензивирање на соработката со државните институции и граѓанскиот сектор.

Основната цел на ваквата соработка со институциите и граѓанскиот сектор е зголемување на комуникацијата и зајакнување на веќе воспоставената соработка, размена на информации и искуства како еден важен фактор во превенцијата на детското престапништво и секако унапредување на работата на институциите, органите и телата вклучени во системот за правда за децата.

### 6.1. Соработка со надлежни или сродни државни институции и органи

Согласно Законот за правда за децата, ДС продолжи со негување на веќе воспоставената континуирана соработка со сите надлежни државни институции вклучени во системот за правда за децата (МТСП, МВР, МОН, МП, СУД, ЈО), како и со други сродни органи и тела и граѓански здруженија, Народен правобранител, АКРСМ, врз основа на што ја креира и својата Годишна програма за работа, Акцискиот план на активности и го изготвува Годишниот извештај.

### 6.2. Соработка со други институции во развојот и подобрување на политики, стратегии и други процеси

ДС има активна соработка со ВПД, ги следи активностите што се одвиваат во него со цел поддршка и помош во остварување на правата што децата мора да ги имаат во ВПД.

ДС има успешна соработка и со УИС при МП, за прашања поврзани со децата во Затворот Охрид и во ВПД Тетово.

### 6.3. Соработка со меѓународни организации, активности за хармонизација со законодавството на ЕУ и придонес кон евро-интеграциските процеси

ДС во 2020 стапи во контакт со Европскиот форум за ресторативна правда (https://www.euforumrj.org), меѓународна организација за мрежно поврзување на членовите активни во областа на ресторативната правда како практичари, теоретичари и креатори на политики низ цела Европа и пошироко.

Претседателот на ЕФРС го поддржа зачленувањето на ДС. Но, по анализа на буџетските ставки се констатираше дека оваа активност не може да се реализира.

До ДС беа доставени прашања во однос на децата на улица, детските бракови и други аспекти поврзани со детското престапништво од страна на Terre des Hommes. Секој член на ДС даде придонес според сопствените искуства и одговорите како збирен документ беа доставени до Terre des Hommes.

# 7. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ

Пример за извадок од завршната сметка

| | Буџет 2020 | Реализирани исплати 01.01.2020-31.12.2020 |
|---|---|---|
| 401 – Основни плати | | |
| 402 - придонеси за социјално осигурување | | |
| 420 – патни и дневни расходи | 600.000,00 | 3,667,00 |
| 421 – Комунални услуги, греење | | |
| - Комуникација | | |
| - Транспорт | | |
| 423 – Материјали и ситен инвентар | | |
| 424 – Поправки и тековно одржување | | |
| 425 – Договорни услуги | 1.500.000,00 | 1.257.028,00 |
| 426 – Други тековни расходи | | |
| 464 – Разни трансфери | | |
| 480 – Купување на опрема и машини | | |
| **Вкупно** | 2.100.000,00 | 1.260.695,00 |

По однос на постапување согласно Законот за правда за децата, Министерство за правда при подготовка на буџетското барање за 2020 година, средствата потребни за функционирање на Државниот совет за превенција на детско престапништво на Република Северна Македонија, предвиде во рамките на програма 10 – Администрација, сметка 637, ставка 420 – Патни и дневни трошоци и ставка 425 - Договорни услуги, а не како самостојна програма.

Согласно наведеното, со буџетот за 2020 година на категорија 42, ставка 420 – Патни и дневни расходи, се предвидоа средства за членовите на државниот совет за превенција на малолетничко претстапништво поврзани за надоместокот на патни и други трошоци за лицата кои се од внатрешноста на Република Северна Македонија, во вкупен износ од 600.000,00 денари. Во тековната година од предвидените средства се исплатени само 3,667,00 денари.

Исто така, Согласно член 157 од Законот за правда за децата, (“Службен весник на РСМ” бр. 148/13 и 152/2019), со Буџетот на Министерството за правда за 2020 година се предвидоа и средства за исплата на активности за работа на членовите на Државниот совет за превенција на малолетничко претстапништво во износ од 1.500.000,00 денари. Од нив во тековната 2020 година се исплатени 1.260.695,00 денари.

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Државниот совет оценува дека согласно Законот за правда за децата и Програмата за работа за 2020 година делумно ги оствари ł своите планирани активности во делот на превенција на детско престапништво и унапредување на правата на децата поради пандемијата и отежната комуникација и соработка со други органи и институции;

2. Државниот совет констатира дека

- Одржувањето на седниците беше овозможено преку ZOOM платформата на Министерството за правда што овозможи редовно и во континуитет да се одржуваат седниците;

- Продолжи соработка и поддршка на веќе формираните општински совети за превенција на детско престапништво; поголем број од општините во РСМ и понатаму не ја исполниле законската обврска за формирање на општински совети за превенција на детско престапништво;

- Дел од формираните општински совети за превенција на детско престапништво не се функционални;

3. ДС согласно своите надлежности се залага за натамошно унапредување на правната рамка за правда за децата во согласност со меѓународните стандарди во оваа област и активно учествуваше во измени на Законот за правда за децата;

4. ДС и во 2020 година презеде активности за обезбедување податоци и информации преку одржани тематски расправи за актуелни состојби од повеќе области кои го третираат проблемот со превенција од детско престапништво, кои што се одржуваа онлајн со оглед на пандемијата;

5. Врз основа на податоците добиени според индикаторите, Државниот совет ги наведе заклучоците во Резимето од овој Извештај;

6. ДС афирмативно се изјаснува и ги поддржува превентивните активности преземени од страна на надлежните министерства, институции, општинските совети за превенција на детско престапништво и невладиниот сектор, во делот на заштита на децата и семејствата и нивно усогласување со мерките и насоките кои се препорачани во Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво 2010-2020.

## 9. ПРЕПОРАКИ

Врз основа на донесените заклучоци ДС препорачува:

1. За поефикасна работа на ДС неопходно ќе биде да се обезбедат просторни, материјално-технички и административни услови;
2. Општините во РСМ согласно Законот за правда за децата да ја исполнат законската обврска за:

- формирање на општински совети за превенција на детско престапништво,
- изработка на Годишна програма;
- доставување Извештај за својата работа до Државниот совет и
- обезбедување потребни услови за формирање и непречено функционирање на општинските совети за превенција на детско престапништво.

3. Сите надлежни институции вклучени во системот на правда за децата, во своите годишни програми да реализираат превентивни активности согласно мерките и насоките предвидени во оперативниот план за спроведување на Националната стратегија за превенција на детско престапништво и неговото дополнување.
4. Неопходно е унапредување на системот за прибирање и обработка на податоци во сите надлежни институции вклучени во системот на правда за децата, за што посебно се наметнува потреба од обуки на сите инволвирани органи за начинот на евидентирање на децата жртви.
5. Да се користат законските решенија што ги пропишува Законот за правда за децата од страна на јавните обвинителства и судовите во делот на ресторативната правда и примена на медијацијата, алтернативните мерки и мерките на одвраќање како можност за вонсудско решавање на постапките за деца.
6. Постапување со деца жртви да се одвива само врз основа на Протоколот за работата на меѓусекторските тимови усвоен од Националното координативно тело при МТСП.
7. Измена на ЗПД со цел пропишување постапка за посредување во случај на сторен прекршок.
8. Почитување на правото на детето на бранител во полициска станица и правото на адвокат и бесплатна правна помош во Центарот за социјална работа.
9. Континуирана поддршка на ВПД Тетово и Затворот за деца во Охрид.

10. Потребно е да се зајакне улогата на ЦСР во однос на надлежности, материјално-финансиски и кадровски предуслови за пружање соодветен постпенален третман на деца по излегување од установа.
11. Поголема практична примена на законските решенија од Законот за правда за децата од страна на центрите за социјална работа и примена на посредувањето како можност од листата на мерки за помош и заштита.
12. Потребно е да се подобрат и зајакнат институционалните услови за извршување на дисциплинската мерка - Упатување во Центар за деца во Скопје согласно одредбите од Законот за правда за децата со што ќе се поттикне и нејзиното изрекување од страна на судиите. Неопходно е да се развие мрежа на центри за деца на регионално ниво.
13. Дефинирање на условите што треба да ги исполнува згрижувачкото семејство на дете на кое судот му изрекол воспитна мерка – засилен надзор од згрижувачко семејство.
14. Да се користат законските решенија од страна на судовите во врска со примената на мерката условен отпуст од издржување на казна затвор за деца.
15. Да продолжи трендот за почесто изрекување алтернативни мерки кога судот ќе оцени дека и со нив може да се постигнат целите на казнувањето согласно индивидуалните карактеристики на детето.
16. Да продолжи трендот за упатување на странките на медијација во основните јавни обвинителства.
17. Поддржување на истражувања што ќе имаат за цел подробна анализа на ризик факторите што придонесуваат за значително зголемениот број деца жртви.

**Прилози:**

## *ПРИЛОГ 1:*
## *Обработени податоци од собраните индикатори*

Во прилог на Извештајот на ДС за 2020 година, прикажани се Индикаторите за следење на имплементација на Законот за правда за децата и на состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија.

ДС од 2014 година користи листа од 32 индикатори, а податоците ги собира од 78 институции во системот на правда за децата и тоа од: 8 Сектори за внатрешни работи, 30 Центри за социјална работа, 26 Основни судови, 12 Основни јавни обвинителства во Република Северна Македонија што постапуваат пред судови со проширена надлежност и едно Основно јавно обвинителство за гонење на кривични дела од организиран криминал и корупција (Види: на крај на овој извештај - Листа на Индикатори).

Овие 32 индикатори по кои се собирани податоците, во годишниот извештај се прикажани преку 24 индикатори поради тоа што за осум индикатори се собираат податоци од сите сектори кои се компарираат и сублимирани во заеднички коментар.

Добиените податоци преку индикаторите, статистички се обработени од страна на ангажиран професионалец - статистичар, направена е квантитативна и квалитативна анализа и истите се прикажани во 29 табели и 15 графикони.

Направена е компарација како по години, така и по институции. Добиените податоци се споредени на 100.000 популација на деца во Република Северна Македонија, која е универзална меѓународна единица за можна споредба со други земји. По извршената проверка во дата базата на Trans Monee (http://www.transmonee.org/databases.php), констатирано е дека нема објавено податоци за 2020 година како би можеле да направиме компарација со состојбата на детското престапништво и во други земји.

Врз основа на анализата изведени се заклучоци во однос на:

- Состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија во 2020 година, односно состојбата со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци;
- Состојбата со децата жртви на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и децата сведоци како и постапување, грижа и заштита од страна на институциите;
- Прикажување на трендови и тенденции на пораст или на намалување споредбено со 2019 година;
- Ефикасноста и ефективноста на институциите во спроведување на Законот за правда за децата, примена на мерките за помош и заштита, на воспитните и алтернативните мерки и примена на санкции;
- Подготвеноста на институциите за собирање на релевантни податоци и користењето на нивните електронски програми за бележење и собирање на податоци за деца.

## *Индикатор 1: Деца во ризик*

### *1.1. Упатени во Центар за социјална работа*

Со овој индикатор се мери бројот на деца во ризик кои биле упатени во центрите за социјална работа од страна на други институции или поединци во 2020 година, на популација од 100.000 деца. Извор на овој податок се 30 центри за социјална работа во Република Северна Македонија.

Табела 1: Деца упатени во центрите за социјална работа, по пол

| | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| **Машки** | ***1596*** | ***86%*** |
| **Женски** | ***254*** | ***14%*** |
| **Вкупно** | ***1850*** | ***100%*** |

Од достапните податоци произлегува дека на популација од 100.000, во текот на 2020 година биле упатени 452 деца.

Споредено со претходните години, во 2020 бројот е намален за 9% во однос на 2019 и зголемен за 10% во однос на 2018 година.

.




Графикон 1: Број на деца во ризик упатени во ЦСР, по години

Споредено по пол, кај машките деца бројката во 2020 е намалена за 1% во однос на 2019 и зголемена за 16% во однос на 2018 година.

Кај женските деца, бројот во 2020 е намален за 40% споредено со 2019 и за 19% во однос на 2018 година.




Графикон 2: Број на деца во ризик упатени во ЦСР, по години и пол

Најголем број деца се упатени во ЦСР Струмица (262), ЦСР Велес (235), ЦСР Скопје (222), ЦСР Штип (213) и ЦСР Кавадарци (182).

Најголем број деца од женски пол (37) се упатени во ЦСР Прилеп, а од машки пол (239) се упатени во ЦСР Струмица.

Табела 2: Деца упатени во центрите за социјална работа, по ЦСР и пол

| ЦСР | М | Ж | Вк: | ЦСР | М | Ж | Вк: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кратово | 0 | 1 | 1 | Берово | 19 | 3 | 22 |
| Валандово | 1 | 1 | 2 | Струга | 24 | 2 | 26 |
| Демир Хисар | 2 | 0 | 2 | Радовиш | 19 | 11 | 30 |
| Кичево | 1 | 2 | 3 | Свети Николе | 25 | 6 | 31 |
| Кочани | 3 | 0 | 3 | Гостивар | 36 | 2 | 38 |
| Крива Паланка | 2 | 2 | 4 | Охрид | 71 | 5 | 76 |
| Пробиштип | 3 | 1 | 4 | Прилеп | 40 | 37 | 77 |
| Делчево | 6 | 0 | 6 | Битола | 75 | 15 | 90 |
| Крушево | 6 | 0 | 6 | Куманово | 82 | 18 | 100 |
